**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Десеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 16,56 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собрнието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Коце Марковски, Анита Кипаризовска Крстевска, Владанка Авировиќ, Горан Мисовски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Љубисав Иванов Ѕинго, Садула Дураку, Љубчо Георгиевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Нeждет Мустафа, Славица Гркоска, Благородна Цветковска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Со оглед на онаа пауза која што се случи во однос на расправата, значи за да влеземе во некој ритам, да потсетам што всушност претставува овој амандман.

Во Предлог законот за високо образование во членот 53 каде што се дефинирани улогата, надлежностите, обврските и правата на ректорот. Во последниот став е дефинирана следната реченица: Ректорот не мора да биде во редот на вработените на Универзитетот. Начинот на изборот и разрешување на ректорот поблиску се уредува со статут на универзитетот.

Почитувани колеги, законот за високо образование имаше неколку верзии.Не него работеа голем број на експерти и помина неколку етапи на експертиза меѓу кои што имаше и различни совети, или резулати од компаративни анализи на начини како е решено во другите земји во регионот и во Европската унија, бидејќи ние како земја кандидат за членство во Европската унија, сакаме да ја усогласиме нашата легислатива со нивната, а уште повеќе потписнички сме на Болоњската декларација, со што сме станале обврзник да ги усогласиме нашите законски акти со оние на другите потписнички од Болоњската декларација. Сега, во сите верзии на законот кој што беше даден никаде не стоеше оваа одредба. Уште повеќе во последната верзија на Законот кој што овој министер и оваа Влада ја дадоа во Собранието, а во минута до 12 беше повлечена од собраниска процедура, не стоеше оваа одредба. Во неофицијални контакти зачудени зошто ваква варијанта за можност за избор на ректор стои во овој член на Законот беа дадени различни образложенија. Не сакам да ги коментирам бидејќи беа неофицијални. Во јавноста проструија уште повеќе смешни констатации дека се настојува на мала врата да се донесе странско лице како ректор на еден од државните универзитети. Во прво време искрено да ви кажам се смеев на овие шпекулации, а потоа како што поминуваше времето, поучен од искуството како во другите ресори се решени одредени одредби и уште повеќе поучен од искуството на вербални комуникации со еден од извршните директори на Македонска телевизија, Сајовиц, на кој што на минута до 12, експресно му беше решен статусот на странско лице со што доби македонско државјанство, иако беа прекршени повеќе одредби од Законот, меѓу другото и непознавање на македонски јазик но тоа не е толку важно. Значи, претходно со една трик солуција се стави пред свршен чин одлуката на Уставниот суд, но тоа не е ни толку битно. Значи, оваа власт покажа на дело дека онаа шега која што во јавноста ќе проструи, не е шега, дека и може да се случи. Затоа неколку колеги имаат дадено претходно амандмани на оваа тема во кои што бараат да се брише оваа одредба. Јас и колегата Јани Макрадули дадовме друг предлог. Значи, зборчето “не” да се брише. Во реченицата да стои: Ректорот мора да биде од редот на вработените на Универзитетот.

Дозволете да ја кажам идејата. Прво, ако не постоеше оваа реченица, ако не сте имале лоша намера, немаше никаква законска пречка Ректор да биде избрано лице кое што не е вработено на Универзитетот. Значи, јас како редовен професор сум можел да конкурирам, иако сум на битолскиот Универзитет, на Св. Кирил и Методиј доколку сенатот ме избере. Немало законски пречки јас да не стапам на оваа функција. Зошто оваа реченица е вметната? Клучното прашање кое што предизвика револт не само кај нас и во униврзитетската јавност, можеби и пошироко. Зошто е вметната реченицата ако не се имало некои задни намери. Бидејќи стои реченицата, тогаш ние преформулиравме децидно да стои одредба, идниот ректор да мора да биде вработен на Универзитетот. Ако државниот универзитет барем од тие двата кои што имаат долгогодишна традиција што скопскиот, најголемиот, Св. Кирил и Методиј има преку 60 годишна традиција од кој што произлегле најголемиот број од академиците, најголемиот дел на интелектуалното јадро е концентриран на тој универзитет. Не може од сопствените редови да избере човек кој што ги поминал сите инстанци, кој што многу добро ја знае структурата на универзитетот, кој што многу добро ги познава приликите на Универзитетот, кој што многу добро може да ги преточи своите визии и предлог

решенија за разрешување на различни состојби и спроведување на реформскиот курс во Универзитетот, бидејќи потекнувам од таа средина, тогаш ве молам, какво е ова квази решение? Теоретски може да се донесе било кој на Универзитетот да го менаџира, ама ова не е фабрика, ова е институција која што има свои специфики, во која што универзитетскиот кадар има посебен статус. Универзитетот има посебен статус лекс специјалис е дефиниран со својата универзитетска автономија во Уставот и уште повеќе за гарантирано е уставното право на академска слобода кое што го опфаќа и управувањето со Универзитетот. Ако не може во сопствената средина да се најде кадар редовен професор кој што ќе може да ги сплоти сите разни групи, групички кои што реално постојат во секоја средина, кој што може да направи компромис на различните интереси на различни групации кои што се членки на Универзитетот. Тогаш, суштинско прашање е зошто универзитетот да постои воопшто. Мислам дека со ваков предлог на решение вие длабоко го навредувате универзитетот, посебно тоа го потенцирам за Св.Кирил и Методиј. Ако во институција во која што над 28 членки со длабоки научни достигнувања и резулати долгогодишни, со кадар кој што може рамо до рамо да се носи со било која европска држава, не може да се најде кадар, тогаш навистина депласирано е воопшто да се зборува за Законот за високо образование. Малку сум поопширен. Ова е клучниот амандман на кој што инсистираме. Затоа, со ова мора да биде вработен. Ставате камен темелник и за иднината на Универзиетот, му давата облигаторност, значи обврски да мора да го развива сопствениот кадар, да мора да го припрема сопствениот кадар да го преземе управувњето на универзитетот. Во крајна линија да дадете можност универзитетскиот кадар и да се согледува себеси како раководен дел во иднина. Вака, што се прави? Секогаш ќе може политиката да надвладее над интересот на универзитетот. Владата преку разни институционални и вонинституционални форми ќе изврши притисок и секогаш ќе се најде некој Сајовиц кој што ќе биде на чело на Универзитетот. Притоа не е битно дали воопшто ја познава структурата на Универзитетот, дали воопшто има некоја визија за развој на универзитетот, бидејќи тука и нема ставено во законските аки дека треба да даде предлог програма. Нема. Тоа можеби претпоставено ќе се реши со статутот на универзитетот, но можеби и нема да се реши со статутот на Универзитетот. Онака како што ја поставивте улогата на ректорот тој да управува со Универзитетскиот сенат во кој што тука ќе се кршат копјата на дефинирање на правилата на игра во статутот на Универзитетот, јасна е намерата да се стави под политичка капа Св. Кирил и Методиј и донекаде и Климент Охридски, ако досега не е и ова решено на извесен начин. Можеби ова се прегруби констатации, ама праксата покажа дека Владата си трасира пат во оваа насока. Затоа инсистираме нашата одредба да стои онака како што е дефинирана: Ректорот мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Ова е покруто решение од било кои досега предлози на решенија во кои што немаше некаква одредница. Но, на ова не принудивте со самиот факт што се вметна оваа реченица. Ве молам, не постои никакво логично образложение кое што се става демек, па сенатот не мора да прифати. До сега сенатот можеше да прифати решение кое што е надвор од оваа средина, без вметнување на оваа реченица. Од тие причини значи, е доволно јасен. Мора да се даде еден јак, цврст сигнал до Универзитетот. Ако се бира прв човек кој што за прв пат досега има такви ингеренции кои што се дефинирани во законот, тогаш нека биде од нивната средина.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Се јавувам процедурално за една навидум банална и техничка работа што можеби ќе ви звучи неважно. Меѓутоа, повеќе пратеници од пратеничката група на СДСМ веќе во подолг период се незадоволни, реагираат на работата, на однесувањето на надлежните во Собранието, претпоставувам тоа сте вие заедно со вашите помошници и секретарот заедно со неговите помошници надлежни за документацијата која пратениците ја чуваат на своите пратенички клупи овде во сала 1, во Собранието. Веќе неколку пати се случувало само што не сме реагирале јавно, сме мислеле дека тоа е случајност, дека нема да се повтори итн. Меѓутоа, станува симптоматично и почнуваме отворено да се сомневаме дека некој намерно, или ненамерно преместувајќи ни ги материјалите што ни седат овде во Собранието, бидејќи да ве потсетам, немаме сите пратеници услови за работа, немаме канцеларии, немаме бироа и шкафови, каде што треба да ги чуваме нашите службени материјали, да не ни недостасуваат одредени материјали, или најблагоречено да бидат изгубени. Затоа се обраќам до вас и до генералниот секретар кои сте надлежни за соодветните служби кои одлучуваат како се постапува кога оваа сала се користи за некои други ситуации. Ве повикувам и барам од вас повеќе да не ги тргате, да не ги фаќате нашите материјали, затоа што ова е наше работно место, исто како што од вашиот кабинет и од вашите канцеларии никој не смее да дојде и да ги трга материјалите и нив да ги листа, или што уште не да прави. Конкретно денеска мене ми недостасуваат одредени документи. Ако продолжи оваа работа понатаму, ќе бидеме приморани да реагираме институционално и да ги преземеме сите соодветни законски мерки. Верувајте таа кривична пријава во иднина доколку се работи за нешто битно, не како што денеска ми е мене изгубен Законот за високо образование, нема да биде против непознат сторител, затоа што се знае чија е одговорноста

за постапувањето и за безбедноста на документите во Собранието. Во меѓувреме бидејќи јас сум и јавен за збор ги повикувам тие што се надлежни да дадете налог и да ги пронајдат сите оние работи кои ни недостасуваат. И уште еднаш ве замолувам, наредниот пат нема да биде замолница, ќе направиме сериозен скандал од овој случај. Внимавајте и не смеете без разлика што и да се случува во оваа сала без наше одобрение да чепкате и да ги тргате нашите службени документи овде.

**Љубиша Георгиевски:** Мојата прва реакција на ова е што сум забележал извесна редовност во ова е кога ние ја позајмуваме оваа сала за други собитија, се тргаат сите документи и после се враќаат. И во враќањето се прави галиматијата. Ако е тоа, тоа ќе го направиме на друг начин, едноставно ќе избегнуваме да ја даваме оваа сала за други настани. Нека си стои се како е. Инаку, еве јавно кажувам, службите да преземат најригорозно околу тоа истрага, да се види дали има намера. Мислам дека никој нема намера да го опструира, или да го саботира парламентот на еден таков груб начин. Но, да ви кажам дека тоа се случува, тоа го забележав. Штом некој треба да расчисти, тој расчистува и не внимава дали документите што ги дигнал, ги враќа на истото место. Тоа е една вака балканска рапсодија би рекол и тоа е страшно и јас потполно ве разбирам.

Сега дозволете да одиме понатаму.

Има ли реплики во однос на досегашните излагања? (Нема).

Има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека и оваа процедурална забелешка на колегата Кондарко ќе биде на соодвеен начин и процесуирана понатаму, бидејќи навистина се доведуваме некој пат во чудни ситуации да за свечени прилики материјалите остануваат, па сами ги средуваме, а за некои помалку битни, или помалку слични ситуации работите ги нема. Како и да е, за да не се јавувам два пати. Прво, би сакал во рамките на дискусијата процедурално да реагирам и да упатам барање за изјаснување до министерот кој што може да го направи после дискусијата моја секако, а тоа е дека во овој момент сите министри кои што доаѓаат од редовите на ДПА согласно одлуката на нивната партија доставија оставки до нивниот партиски лидер Мендух Тачи. Дефакто, не де јуре, вие сте во оставка. Покрај тоа имаме двајца министри кои што веќе поднесоа официјални оставки и тие веќе го немаат полниот капацитет да разговараат во име на Владата.

Процедурално, господине потпретседателе Догани разговарам.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете, сега тоа го кажавте.

**Игор Ивановски:** Ова го кажувам од причина што мислам дека Владата на Република Македонија, во нејзино име министерот за образование, можеби треба да размисли и да ни даде одговор дали се на размислување да го повлечат во оваа фаза Законот за високо образование од таа политичка причина, но и заради тоа што постојат сериозни разлики и сериозен број амандмани за Законот, а не станува збор за обичен закон и да, по доработувањето или можеби дорегулирање на односите внатре во коалицијата, изборот на поинаков начин на министрите од оваа владеачка коалиција, повторно се вратиме и разговараме за Законот за високо образование.

Мојата процедурална забелешка е упатена до министерот за образование, бидејќи согласно Деловникот, во оваа фаза на расправата, само тој во име на Владата може да го повлече Законот. Јас слично сугерирам дека тој тоа може да го направи. Можете да се изјасните или не, после мојот став по овој амандман. Затоа нема потреба од дополнителни нервози, дали од пратениците од ДПА или ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи станува збор за многу битен закон.

Ова е втор амандман од истиот член каде што се разговара за многу суштинаска работа, за која што во досегашната расправа и долга расправа за Законот за високо образование не добивме сериозна елаборација и аргументација од страна на министерот за образование. Можеби, бидејќи тој ќе биде ротиран на друго место и не му е толку фокусирано вниманието на оваа материја, можеби од други причини, не знам, но не добивме сериозна аргументација зошто Владата предлага да ректорот на Државниот, основан од ова Собрание Универзитет, или пак на истиот таков во Битола или пак на истиот таков во Тетово или пак на истиот таков во Штип итн, не знам дали ќе застане на оваа бројка, може да биде некој што е надвор од вработените на Универзитетот.

Која ви беше логиката да господине министре, како Влада или како Министерство, предложите ваков амандман или да го дорегулирате овој амандман? Навистина, ако имате сериозни аргументи дајте да ги продискутираме. Межеби ќе не уверите. Но, сегашните аргументи апсолутно не држат вода, во најчест случај не ни постоеа.

Можеме да прочитаме во печатените или да слушнеме од електронските медиуми дека ви размислувате, да, можеби некој странец, дали е тоа точно или не вие ќе потврдите, некој странец да биде ректор на Државниот универзитет. Еве, ќе го земам Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”. Ако е тоа ваш легитимен став, за кој што досега не се изјаснивте, ајде да разговараме за тој став. Дали е добро да ректор на, еве ќе го земам конкретно Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” да биде странец? И, легитимен е разговорот за евентуално таков ваш предлог. Зошто?

Бидејќи од самото доаѓање на оваа владеачка коалиција имаме една крупна контрадикторност,

да се убедува македонската јавност и за тоа да се даваат сериозни пари преку кампањи, мерени во милиони евра, дека Македонија има капацитет сама за себе, сама во себе и јас во тоа лично сум убеден, а во исто време да се предлагаат решенија дека странци се подобри менаџери и раководители на сериозни институции.

Па, да ве потсетам, Владата на Република Македонија предложи иницијално да имаме странец во Фондот за здравство па се откажа. Па да имаме странец во клиниките на Клиничкиот центар. Па, не само што се откажа, туку ги растури клиниките, а таму не се знае кој пие, кој плаќа. Па предложи да има странец во ЈП Македонска радиот телелвизија. И, за чудо го донесе легедарниот словеначки експерт Сајовиц кој, не знам дали е свесен, каде се наоѓа и што прави, за да на крај, пред истекот на рокот му додели македонско државјанство. И странецот кој беше со 6-те ордени дека ќе биде спасителот на МРТВ, одеднаш стана Македонец. И сега, веројатно Сајовиц “подобро” ќе ја води, во што не верувам МРТВ, како Македонец.

Или, ајде да продолжиме понатаму, Владата велеше сакам да имам странец јавен обвинител, па и тоа не испадна. За да сега имаме некои други концепти предводени од фамилијата на Михајло Маневски.

И можам да ви наредам уште неколку примери каде што концептот на странец на институција падна во вода, затоа што априори беше асолутно неприфатлив, ирационален, без никаква основа. И сега можеме да слушнеме повторно, после шест вакви лоши серии, пропаднати, а изгубено време, ветени, а излажани и ред други работи, ситуација дека вие предвидувате странец според вашата логика, јас ги цитирам работите што излегоа во медиумите, да биде ректор на Државниот универзитет “Св. Кирил и Методиј”. Јас не знам дали под странец подразбирате и некој кој можеби бил Македонец па зел бугарски пасош, па да ни се врати назад, или српски не мора да е само бугарски или албански или грчки или некој друг. Но, легитимен е предлогот ако ви е тоа идејата и ве молам излезете во јавноста и кажете да, ние како Влада размислуваме теоретски да имаме странец на позицијата ректор. Па ќе ве прашаме од каде ви е пак вас размислувањето да практично вие инсталирате ваши евентуални размислувања и кадри за ректор на Државен универзитет.

Но, странец или Македонец се едно, не може да биде првиот човек на Универзитетот некој кој што доаѓа од надвор од таа институција. Како ќе ни објасните дека можеби некој кој што апсолутно немал намера или немал информации, ниту имал знаење, ниту имал искуство со високообразовна институција да стане одеднаш ректор на најпрестижната и најголемата, една институција која што е стоп и сведок на поновата македонска историја. Таа институција постои непосредно по ослободувањето 1945 година. И вие велите, опа ни текна една многу инзвонредна и генијална идеа сега странец ќе донесеме. И тој подобро ќе раководи, небаре Универзитетот до сега не знаел како да се раководи.

Но, тоа ни покажува дека вие имате сериозно размислување, фигуративно ако се изразуваме со новинарскиот речник, не рака, не нога тука апсолутно да го земете под свое и Универзитетот и да речете - е од денеска Владата ќе биде таа која што ќе кажува кој ќе биде шефот на Универзитетот.

И изминативе, во неколку месеци, ситуации што ни се случуваа на Тетовскиот универзитет каде што имавме апсурдни ситуации, не знам дали се добри или лоши, неконзистентни од апропо позицијата и на ВМРО-ДПМНЕ најмногу, но и во одредени ситуации на ДПА, но најмногу на ВМРО-ДПМНЕ кои што беа силовито против Државниот универзитет во Тетово сега да дозволуваат отворање на нови факултети, но тоа е друга тема, ајде да не излегуваме надвор од рамките на амандманот.

Покажува дека апсолутно нема ниту еден опиплив и сериозен концепт кој што Владата го има во делот од сферата на високото образование, освен дека сте разговарале претпоставувам на Влада и сте рекле ај ова да го земеме под свое и тука евентуално да го вршиме нашиот притисок.

Еден познат професор на Правниот факултет, во исто време и колумниста тоа го образложи со тезата, дека Груевски со дел од министрите во Владата имаат своевидна фрустрација и комплекс од Скопскиот универзитет. Дали е тоа така или не можеме да разговараме, но вреди да се разговара на таа тема и за таа идеа, бидејќи ако сите овие потези се реализираат станува легитимна и апсолутно точна таа ситуација. Бидејќи јас не сум дошол од таму, а имам и луѓе кои ме критикуваат од таму, па како сметка на тоа ќе ги ставам под некаква контрола, е апсолутно легитимна и остварлива благодарение на матрицата на оваа Влада и на ВМРО-ДПМНЕ ситуација. И од тоа не треба да се бега, апсолутно да се разговара.

Дополнително инсталирањето на братот на Жан Митрев, Сашо Мирев како ректор на Штипскиот универзитет го потврдува тоа. Не ми е јасно дали Сашо Митрев беше единствниот кој што е способен да биде ректор на тој Универзитет. И јас ве упатувам господине министре кога веќе ги шетате, и тоа е добро и разговарте со универзитетите, да отидете малку до Штип и да разговарате, ама без Сашо Митрев, со вработените на овој Универзитет. И да го видите неговото лично однесување спрема наставниот кадар и со редовните и вонредните професори или со доцентите, а за апсолвентите да не говорам. Па ќе видете дали тоа решение беше добро или не. Не велам на вас лично, можеби тоа беше решение на еден од поглавните во целата хиеархија, тоа не е ни Сашо Митрев, тоа е Жан Митрев. Ама тој тренд продолжува.

Сега треба да се заокружи, на пример за една ситуација што можеби ќе ја говориме, за жал, а

тоа е дека Жан Митрев треба да стане и претседател на Лекарката комора, академикот, прогласениот, како што го објавуваат во печатените медиуми, да стане претседател на Комора што не му ја издава лиценцата за самиот него.

И, тие апсурди нам ни стануваат стандарди денеска. Затоа, апсолутно ќе се согласите, легитимно е стравувањето дека таков систем сакате да инсталирате и на универзитетите. Ако е Сашо Митрев во Штип, ако Жан Митрев е на Лекарската комора, јас не знам колку брои фамилијата, веројатно се бројат до 10, не знам кој ќе биде на Скопскиот универзитет ректор? Веројатно не од внатре. Затоа и ви треба ова решение. Ама, апсолутно се спротивставуваме на таквиот тип на решение.

И, господине министре, јас не ве слушнав дека вие толку децидно и цврсто го браните ова решение. Можеби интимно не се согласувате, ама кажете. Можеби интимно се согласувате ама излезете и потврдете го тоа. И, ќе ви кажам зошто. Се сомневам дека и вие не се согласувате до крај со ова решение. Затоа што моите информации говорат дека ова решение не било предлог на Министерството за образование. Дека решението, ректорот да може да биде од надвор е решение што било донесено на седница на Влада, на веќе предложеното решение од Министерството за образование каде истово ова не постоело. И дека истото решение е донесено по сериозно инсистирање на еден министер во Владата кој доаѓа од редовите на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” ама не е министер за образование. И, за тоа треба да не информирате господине министер, да кажете дали е тоа точно или не. Па, ако е точно, тој ист министер кога ќе дојде да брани одредени закони од проблемите на економијата, ќе го прашаме кои се неговите мотиви да инсталира сопствени решенија во Законот за восоко образование.

Ќе го прашаме лично, дали господинот Трајко Славески, како министер за финансии директно го предлага, лично и одговорно решението да ректорот може да дојде од надвор образлагајќи го со аргументи што немаат никакви врски со Законот за високо образование. Јас дури и не сакам да верувам во тоа, ама, информациите и фактите го потврдуваат. Е, тогаш имаме сериозен проблем.

Имаме сериозен проблем за тоа што еден министер се меша во работата на друг министер иако тоа го има како право, како член на Владата, но одлучува да предлага решенија со кои што е воден, не од академски, не од образовни, не од развојни, не од концепциски причини, туку, според образложението што таму го дава од некои лични причини.

Ако тој толку инсистира, ако е тоа вистина, морам да ставам една мала ограда тогаш можеби е добро и тој да дојде овде во Собранието и да го образлага, а не вие. Затоа го упатив прашањето до вас, дали навистина и вие стоите конкретно зад ова решение.

И, уште едно прашање господине министер за кое што многу сериозно се говори во академските кругови. Тоа е скриениот мотив, не само политичкиот притисок да се остварува преку потенцијално ВМРО-скиот ректор на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, туку дека крајната цел е со понатамошни измени во подзаконските акти и институти на Универзитетот и факултетите да идниот ректор одлучува и ги издава одобренијата за вработување на кадрите на високообразовните, научни институции. Тоа, како шпекулација постои од изминатиот период. Бидејќи во овој момент постои сериозна селективност во тоа кој и на кој начин кадри се вработуваат на Државниот универзитет Св. Кирил и Методиј. Бидејќи согласно воспоставената пракса за тоа треба да даде одобрение како министерот за образованите, што е во ред, така и министерот за финансии, заради одобрените средства и во целата таа постапка има и те како партиска политика и лични, морам да признам, влијанија. И министерот за финансии за да ги одобри средствата.

Дали таквата шпекулаци е коректна или не, треба вие да ни дадете одгоров. Бидејќи мотивот, пак излегува дека е легитимен, да се дозволи човек кој е од надвор, да инсталира партиско влијане, да му се направат механизмите да го спроведува тоа партиско влијание и едноставно да биде заокружена целокупнатa постапка за партиски притисок на Универзитетот.

На крајот на краиштата, еден од крупните аргументи што не одат во полза на ова решение е дека Универзитетот не даде согласност за ваквото ваше решение господине министер. Не е точно, кога ќе слушнеме дел од пратениците или најмногу претставниците на Владата кои велат да, ама за ова се согласи Универзитетот и Ректоратот. Не. Тоа е лага. Тоа не е точно. Ве молам да не го злоупотребувате Универзитетот во образложение на вашите решенија и амандмани. Бидејќи, таква ситуација апсолутно ниту постоела, ниту пак е дадена.

Точно е дека вие, како Министерство за образование ги консултиравте, ама во првата фаза и факултетите и Универзитетот и дека за ова решение Универзитетот не е консултиран, за ова решение што го предлагате Универзитетот не дал сопствена согласност, веројатно затоа што е направено адхог, на седницата на Влада откако сте ја завршиле работата во Министерството, сте го ставиле предлогот на Влада, дошол министерот за финансии, сам или со некој друг и го извршил директниот притисок да постои вакво решение во овој член.

Сето ова покажува дека матрицата во составувањето на овој закон би била партиски мотивирана да остварите притисок и, користејќи го речникот на добар дел од министрите, да се соочите со наводен некаков бастион на некого. Тоа се реченици што ги кажуваат дел од

министрите во вашата Влада. Е, па, тогаш, господине министре, ако некој во вашата Влада, а вие тоа не го демантирате, зборува за некакви бастиони, измислени, како Дон Кихот со ветерниците, ако има министри кои имаат желба лично да се пресметуваат со луѓе и тоа да го прават преку Законот за високо образование во една сфера што, ако ја утнете, последиците траат со години тогаш кампањата "Образованието е моќ" ја сфаќате единствено како сурова и брутална репресија водена од лични и најчесто ов партиски мотиви.

Токму затоа мислам дека апсолутно имате простор овој амандман да го прифатите. Бидејќи опозицијата не бара ништо ново освен тоа што во моментот постоело, фелата да го избира својот ректор. Бидејќи тој ректор мора да дојде од таа организација, од тие кругови и да работи со тие луѓе за заедничките интереси. Не може некој трет, од надовр, падобранец, инструиран од некој друг, од некои други центри да работи во интерес и на наставниот кадар, а преку него и во интерес на студентите. Ако ви е интересот како да се подобри образованието, тогаш апсолутно треба да го прифатите овој амандман. Бидејќи на тој начин ќе се обезбеди успехот што го има овој Универзитет, да продолжи и понатаму. Во спротивно, вие апсолутно ќе направите ситуација во која што ќе ги покажете вашите лични и партиски мотиви.

И, однапред ви кажуваме, ако сега не го прифатите, многу брзо ќе следат, не под вашата Влада, под некоја друга Влада, сериозни измени на овој текст на Законот за високо образование. Бидејќи ваков каков што е предложен, ако не се прифати многу добронамерно и конструктивно во оваа распава тој дефинитивно ќе мора да оди на сериозна конструкција, сам по себе. Дали ќе го направите сега или не, апелираме до вас. Ако не го прифатите ќе работиме времето од донесувањето на овој закон, а тоа значи на вас како Влада, ви биде ектремно кратко за да можат да се корегираат сите грешки што ги направивте во меѓувреме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Реплика има министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници,

Ќе се обидам на кратко да извршам една селекција на кои прашања треба да одговорам.

Инаку, на првото прашање за мојата оставка во партијата, сметам дека поради тоа што вие не сте член ДПА, јас не чуствувам некоја потреба да ви одговорам за внатрепартиски работи.

Другото прашање беше поради можната реконструкција или мојата можност за минување во друг ресор, јас ќе ви поставам едно прашање. Во минатите влади немало реконструкции. Дали се повлекол законот поради тоа. Јас цврсто стојам позади тој закон и мислам дека е најоптималното решение за реформите во високото образование. Инаку за МРТВ сметам дека нема потреба да одговорам, тоа не е дел од овој закон и не се решава статусот на МРТВ со овој закон. А Жан Митрев воопшто не е дел од овој закон. Имаше и други хипотетички прашања. Јас колку што се сеќавам неколку пати сум давал објаснувања за овој амандман. Изгледа вие не сте биле присутни во салата, кога јас на последната седница дадов доволно објаснување дека не се работи дека ќе доаѓа ректор странец, туку се работи за една можност да може од друг универзитет да конкурира, а изборот ќе го прават органите на Универзитетот, т.е. Сенатот на Универзитетот. Ако тоа не ви е доволно јасно, може повторно да објаснам. А на неколку наврати вие и некои други пратеници се навраќате на прашањето на Државниот универзитет во Тетово. Уште еднаш, јавно ќе кажам дека ДПА беше против таквото решение кое вие го донесовте тогаш почитувани пратеници на сегашната опозиција на еден делумно легализиран Универзитет и затоа бевме тогаш против и за среќа дојдовме ние на власт и таа ваша голема грешка ја изправивме и сега Државниот универзитет во Тетово е добар пример, не само во Република Македонија, туку и во регионот, присуството на сите амбасадори на Европската унија и на САД во Универзитетот, докажува дека ние бевме во право, а и сите други убави работи кои се случуваат и кои се случуваат сега во Универзитетот во Тетово докажуваат дека сме во право и дека сме имале право да бидеме тогаш против таквото решение на еден привиден Универзитет. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине Рушити во добар дел јас го делам вашето мислење во делот на Државниот универзитет во Тетово и мислам дека овие работи кои што ги кажувате треба да ги кажете на вашите коалициони партнери од ВМРО-ДПМНЕ . Тие тогаш обуа железни кондури, за да не го донесеме законот за легализација на Универзитетот во Тетово. Така да, за нивната принципиелност разговарајте во коалицијата.

Во делот на вашето елаборирање на позициите, навистина не можам да се сетам. Можеби толку и сте ги елабориале во Собранието, но мислам дека токму претставникот на Министерството за образование и наука на една од седниците на комисиите ја спомна можноста за странец ректор. Јас тој факт и аргумент го полемизирав понатаму. На крајот на краиштата, и сега вие апсолутно не ми одговоривте на ниту едно од легитимно поставените прашања, зошто е потребно да постои можност, некој од надвор да стане ректор на постоечките државни универзитети. Зарем малку има сериозен и високообразовен кадар на тие универзитети. На тој начин ги навредувате професорите таму.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Сега со извинување, јас сум на ред за реплика.

Можеби ќе сум многу сличен со министерот Рушити, бидејќи нормално, имаме исто мислење за некои проблеми, но јас ќе зборувам на албански, за да господинот Игор Ивановски се помачи малку и стави слушалки на уши.

Господине Ивановски вашата намера е многу јасна и повеќе од јасна, не само денес, туку како и секогаш вие сте мајстор за усложнување на работите, посебно за членот 53 алинеја 8 за која што говорите 10 дена и за која што повеќе од 5 пати министерот даде образложение, затоа што јас сум претседавал на тие седници и сум ви кажувал дека критериумите за ректорот се исти, критериумите за избор на ректор не предвидуваат некое лице кое што не е образовано, без потребната титула д аможе да се избере за ректор, меѓутоа, вие не сакате да го сфатите тоа. Мене ми е јасно зошто не сакате, затоа што некој ваш избор, кој што е воведен на овие универзитети не е правичен со неисполнување на критериумите, сега е во опасност да се отстрани, или е загрозен, не поради причината што ВМРО-ДПМНЕ или ДПА сака вам да ви се освети, туку е загрозен поради силата на законот, за која што вие секогаш сте многу гласни за државна власт и за почитување на правото и т.н. Вистина е дека сега Државниот универзитет во Тетово, или пак Тетовскиот универзитет ја добива својата форма, како што бил основан и како што било замислено да постои со сите факултети и тука ние не сме виновни. На овој Универзитет се вработуваат стотици професионални кадри и тоа ви смета. Меѓутоа, тоа е нова реалност која што мора да се прифати, затоа што се прави исполнување на еден голем недостток, на еден голем простор кој што вие сте го попречувале 16 години, додека сте биле на власт да се исполни. Јасно е дека вие сакате да го спречите или да го забавите донесувањето на овој закон. Со денови го спомнувате ДПА, Мендух Тачи, отказите што ги даваат опозиционерите, го спомнувате Никола Груевски, ја спомнувате Владата, потоа Жан Митрев и не знам кој друг и не знам што друго ќе ви текне, само да ги блокирате процесите. Меѓутоа, јас ви кажувам, голема среќа е што вие сте една група пратеници. Верувам дека ние сите ќе гласаме за овој закон. Ви благодарам.

Повелете господине Ивановски за контра реплика.

**Игор Ивановски:** Благодарам на честа господине потпретседателе да ми реплицирате. Но мислам дека не сте ме слушале внимателно кога говорев. СДСМ е партија господине потпретседателе која што од самиот почеток се залагаше за употреба на високото образование како фактор на развој во оваа држава и за релаксација на меѓуетничките односи и воопшто за човечка придобивка. И ако господине потпретседателе сте принципиелен до крај, мислам дека оваа дискусија требаше да му ја упатите на господинот Антонијо Миклошоски кој што ја направи својата кариера протестирајќи против образованието на Албанците во Република Македонија, тука е и господинот Влатко Ѓорчев, фали уште Филип Петровски да се реинкарнира целата ВМРО-вска младинска екипа која што држеше протести, со натписи, кои што не сакам да ги спомнам.

Сега господине потпретседателе, сакам да ви кажам дека апсолутно, СДСМ таквиот став ќе го продолжи и понатаму, како што го направи со Тетовскиот Универзитет, но нема да дозволи државните универзитети да станат депанданси на Владата на Република Македонија, најмалку на ВМРО-ДПМНЕ . Тоа нема да помине.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Реплика има господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам потпретседателе, јас мојата реплика ќе ја поделам на два дела. Едниот дел е општо генерално, за нешто што повеќе пати го зборував, тоа е она што нашите колеги од опозицијата го практикуваат, што е можно повеќе да го задржат времето, односно што е можно повеќе да добијат во време, како да тоа што го добиваат, ќе ги промени нештата, односно ќе појдеме со кочењето напред.

Колегата Ивановски зборуваше 22 минути, неговиот претходник околу 30-тина минути, пријавени се 6 дискутанти, само за еден амандман по членот 53. Ако мојата математика овде добро ме служи, тоа се некаде само за овој амандман околу 13 илјадми минути, или претворено тоа во часови се околу 300 часа, или во денови тоа се околу 50 работни дена на ова Собрание. Ова јавноста треба да го знае во контекст на договорите кои што се прават на лидерските средби и во контекст на заложбите на нашите колеги дека сите закони кои што се со Европско знаменце ќе одат брзо. Значи, еден таков закон, односно една таква определба од 50 работнби дена, тоа се повеќе од два месеци. Тоа е првиот дел.

Вториот дел е во делот на она што не ми е јасно, односно треба да дообјаснат колегите наши и претходниот дискутант и неговите претходници, што е тоа што смета ако биде поставен за ректор некој човек од надвор, односно тие сметаат дека ако е од надвор мора да биде со ВМРО-вска определба. И зошто им смета ако биде со ВМРО-ска определба. Зошто им смета ако нивниот колега Сашко Митрев е поставен за ректор на Штипскиот Универзитет. Зарем требаше да се прашаат тие кој треба да биде поставен за ректор на Штипскиот Универзитет. Зошто во никој случај не можат да прифатат дека има паметни луѓе, дека има школувани луѓе и од другата провиненција и дека можат да бидат на тие места. Тоа е основата која што ги боли, тоа е основата која што не можат да ја прифатат и која што за жал е реалност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Господине потпретседателе штом дојде Ратко да го брани Законот за високо образование, тогаш мислам дека тие останатите, како што тој збори, паметните од ВМРО-ДПМНЕ дефинитивно сметаат дека е лош Законот.

Господине Ратко Димитров, математиката која што ја кажавте, навистина не можам да ја разберам, но ќе ве препорачам во Заводот за статистика кога ќе има некој попис. Апсолутно, целта на СДСМ е не да се одолговлекува расправата, туку да се дојде до подобро и конкретно решение кое што ќе значи навистина сериозен концепт за високо образование. Тука имаме две расположиви сценарија. Едното е да ве убедиме вас, а тоа го правиме констуктивно и со сериозни аргументи, а второто е да ве смениме од власт и тоа го правиме и ќе го промениме Законот за високо образование. Тогаш господине Ратко Димитров, вие нема да зборувате за високо образование, тогаш во Кочани не знам што ќе правите, нема ни таму што да правите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Збор има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Не очекував дека за Законот за високо образование ќе ја водиме на овој начин расправата, затоа што според мојата евиденција има најмалку 17 универзитетски работници овде во салата, кои ги има од сите политички партии, за жал, само еден од ВМРО-ДПМНЕ, тоа е колегата асистент на Правниот факултет, Спасеновски, но верував дека ќе најдеме заеднички интерес сите да разговараме реално, дали не сметаме дека на овој начин се загрозува автономијата на универзитетите.

Ние тврдиме дека овој е класичен обид за партизација на универзитетите и дека е овој обид пред се, што го прави ВМРО-ДПМНЕ и затоа е нашиот проблем господине министре. Не е проблемот со вас. Значи, да не ја доведете во ваква ситуација каде што хипотетички вие имате дадено оставка и не знаеме дали вие ќе останете министер. Ние посакуваме вие да останете министер, затоа што е полесно да разговараме и да се договараме со министер кој знаеме дека ќе го наследи ова Министерство. Има шпекулации дека ВМРО-ДПМНЕ по секоја цена сака да биде на чело на Министерството за образование и наука. Тоа е друга тактика што ќе ја има опозицијата. Ние повеќе веруваме дека со вас можеме да најдеме заеднички јазик, затоа што вие на ваша кожа имате почувствувано што значи битката за високо образование. Да не заборавме, на колегата Ивановски дали некому му се допаѓа или не, најмалку требаше Димитровски да му одговори. Ние во Република Македонија и во 1997 година за малиот, а стана голем Тетовски Универзитет од Мала Речица, водевме буквално, граѓанска војна. За Педагошкиот факултет се крена условно речено ВМРО-вска револуција и дел од колегите добија тогаш задача. Веројатно тогаш им се допаднале овие фотељи, прв пат да влезат во Парламентот. Не како сега овие јадни стечајци што ги пуштаме овде, тогаш имаше протест на средношколците кои се бунеа зошто Албанците ќе учат и ќе бидат учени. Зошто ќе имаат високообразовни институции да можат во тоа време, Педагошката академија требаше да едуцира Албанци за средношколски професори, за да го достигнеме нивото на образование и еманципација за да можеме рамноправно да градиме европска Македонија. Тоа беше баук пред 10 години. Значи, сега сепак Македонија оди напред. Никој не спори дека Албанците треба да имаат високо образование, имаат одличен Универзитет на Југоисточна Европа со ваши напори, затоа е добро вие да останете министер, или ДПА да го води Министерството за образование.

**Бесим Догани:** Со сета почит за вашите добри намери, но јас би ве замолил да се вратите на суштината на амандманот.

**Владо Бучковски:** Ако ова не е суштината потпретседателе, што е тогаш суштината на Ратко минутите. Ова е суштина, зоштоне треба вие, посебно ДПА да бидете против афтономијата на универзитетите. И ќе го убедувам министерот ако има кредибилитет да го прифати амандманот и да заврши приказната. Инаку, ќе зборуваме уште три дена, затоа што се бориме со демократски средства за афтономија на Универзитетот. Тоа е логично. Не можам вас да ве убедувам. Ајде вас да почнам да ве убедувам. Ќе гласате ли за овој амандман.

**Бесим Догани:** Не.

**Владо Бучковски:** Тоагаш ќе зборувам со министерот. Јас Ќе ви кажам зошто треба да гласате.

Значи, во салата има 18 потенцијални утре што ќе бидат професори на кои може било која власт да им донесе некој фрустриран опозиционер, или позиционер, кој ќе сака да си ја мери силата со 1400 универзитетски професори на “Св. Кирил и Методиј”, со 200 или 300 ќе стават на Штуловиот Универзитет, со 50 или 100 на Гоце Делчев Универзитетот или на Тетовскиот Универзитет и т.н. Ова е битката за фрустрираната Македонија. Македонија нема проблем со еманципираната Македонија, но за жал, таа не е повеќе од 20%. И да не се додворуваме, туку направија нашите колеги од ВМРО-ДПМНЕ Универзитет во Штип, за да биде Македонија пообразована, зашто мислат дека образованието е сила и моќ, туку мислат дека е моќта во оние кои мислат со своја глава . И по секоја цена ќе направат се да стават свои ректори онаму каде што можат, затоа што сега ректоротпочитуван министре има големи ингиренции, ќе бира декани, ќе го суспендира Ивановски или Бучковски не како пратеници. Овде не можете да ми го земете. Може да ми го земете зборот, таму ќе ми го земете работното место, затоа што некој овде јавно се закануваше

дека било поопасно да си магистрант или докторант, а не незавршен студент. Тоа е фрустрирана Македонија. И овде ја слушаме таа фрустрирана Македонија. Го нема мојот колега наставник по физичко образование да им говори на моите колеги утрешни универзитетски професори, колку тие се неуспешни, а не гледа што има во своите редови. Таа битка на фрустрирана Македонија и онаа која сака да се едуцира, ние сметаме дкеа можеме да ја добиеме преку овој амандман. Ние се плашиме дека ова е токму насочено кон Универзитетот "Св. Кирил и Методиј". Вие да сте го правеле овој амандман, јас зошто се радувам. Ова што го говореше Ивановски го говорат членови на Владата. Вие тоа не го признавте, има солидарност со еден од вашите колеги. Значи, идеата не е ваша. Иако да беше ваша ние ќе ја подржевме. Ама ќе кажевте, луѓе разберете долго време во оваа Македонија сакавте ние Албанците да не бидеме едуцирани. Многумина од нас одеа во Приштина или во Тирана да се едуцираат, таму изградија кариери, станаа универзитетски професори, сега има потреба да направат трансфер. И да кажете дека за новоформирани универзитети, како што е Тетовскиот Универзитет, има потреба можеби странец да дојде. Не е греда. Ама не на овој начин, тој странец да испадне условно речено дека не треба да биде од Универзитетот и да биде латентна опасноста да го донесете било кој од оние кои се фрустрирани конечно да им покаже условно речено на овие комуњари од Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", како е кога ќе имаат ректор кој ќе оди по поинаков начин на раководење со Универзитетот.

Прво, да не се лажеме, знаете дека да имате и два силни поддржувачи од приватните универзитети не сте вие, туку ВМРО-ДПМНЕ кои по секоја цена ќе сакаат да направат упад во Универзитетот, пред, се во делот на квотата која ние сега ја имаме како некој непишан договор помеѓу Униврзитеот "Св. Кирил и Методиј" и државата, иако државата иако сака да посегне по државен интервенционизам и да се меша во се и сешто, не може да обезбеди на секој дипломиран студент работа. Но, постои тенденција, груба пресметка, да речеме, ако на Правниот факултет утре донесете ректор, затоа што ректоратот, Универзитетот го распишува конкурсот, а ќе биде под дирегинтска палка не ваша, туку да речеме на ВМРО-ДПМНЕ. И ќе рече не може веќе на Економски факултет затоа што некој има фрустрации да се запишуваат 1000 студенти. Не може на Правниот факултет да се запишуваат по 1000 студенти, туку и на едниот и на другиот ќе запишете само по 100, а другите 900 ќе си ги запишеме кај нашите финансиери поддржувачи. Тоа е опасноста.

Не знам дали вие ја гледате или не ја гледате опасноста. Тоа е улогата и затоа е битката да за да дојде ректорот. Му пречат од Св. Кирил и Методиј, условно речено, на ова владеачко мнозинство неколку факултети. Јас се чудам на колегите од Универзитетот зошто се плашите. Ако сме автономии не треба само ние кои овде сме во пратеничките групи да ја браниме честа и угледот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј или автономијата. Секој треба да каже тоа што неформално се говори дека Законот е лош и ако сакате вие да ги соберете симпатиите на сите од универзитетските работници, вие требаше да побарате да се повлече овој законски текст. Исто така, да ги прегледаме само три прашања кои се спорни, се друго е европски стандард. Но, Македонија сеуште не е европска држава и не ги почитува стандардите. Некому да дадеш сила ваква, како што сакате вие да изградиме европски ректор, па не може да се изгради евроипски ректор кога првиот текст не го положи ВМРО ДПМНЕ. Зошто, да речеме, не го ставивте Владо Поповски да биде ректор таму кој ја водеше целата постапка, туку посегнавте по решение кое веднаш создаде недоверба кај нас. Еве, тука дојде и колегата Лазаров од Универзитетот е, мислевме дека имаме и таму заменик министер, ќе се бори за автономијата на Универзитетот. Но, сите вие сте под еден силен притисок што пред се не го прават сега условно речено ниту Штуловиот универзитет, ниту Тетовскиот универзитет. Вие сте под силен притисок од приватните универзитети. Штета што не е тука еден од овие, значи има 18 универзитетски професори, еден основач. Тоа е колегата Фијат Цаноски, па да поразговараме со него. Дали тој смета дека на овој начин тој ќе го развива својот универзитет. Јас тврдам не. Значи, треба да има здрава конкуренција. Еве, ќе ви кажам од примерот и сега ќе говорам не само како пратеник од опозицијата, како пратеник кој е вработен на Правниот факултет. Ние имајќи сега реално шанса да имаме конкуренција сме подготвени. Ако државата смета дека нема интерес од правниот факултет, дајте ни ги просторните услови и да работиме паралелно на пазарот со сите правни факултети и тврдам дека секогаш ќе имаме по 10 пати повеќе студенти. Но, ако донесете некој ректор ќе ја држите под државна капа, годишно се запишуваат по 100 студенти, вие објективно ќе сакате да направите тивко но сигурно одлевање на универзитетските кадри, кои сега ги има на најсилниот Државен универзитет. Не беше соодветна репликата на колегата Догани. Никогаш Албанците немале сериозен проблем со оваа генерација условно речено на сегашни професори. За жал, тие се кај вас. Тие кои ви диференцираа, колега Догани, се дел од вашите редови. Тие сега преминаа во ВМРО ДПМНЕ. Министер за правда имате кој има вршење диференцијација на сите учени Албанци. И, сега, овде нас ќе ни говорите дека ние ова што го говориме било спротивно на интересите. Не е, ова е во интерес на Република Македонија, не треба само да има печат со европско знаменце, треба да имате европско однесување. Ако е европско однесувањето, дајте да говориме за автономијата на Универзитетот. Која е намерата, почитуван министре, да ја загрозувате на овој начин автономијата на

Универзитетот. Не е доволно да гласа Сенатот, затоа што сега веќе има сериозни придвижувања. Вие знаете каква е состојбата на Универзитетот Св. Кирил и Методиј. По дефиниција атрактивните факултети кои запишуваат многу студенти, кои имаат условно речено и полни каси не се под контрола на власта. А, вие за ректор на сите и на поатрактивните и помалку атрактивните ќе сакате да донесете администратор, било кој овде има преку ноќ стануваат професори, има професор - професор и има еден самопрогласен академик, лесна работа, вие не ме утешивте со тоа што ми рековте дека нема да донесете државен службеник, туку ќе донесете некој профефсор. Сега, професор гледаме и дипломи како се делат и професори како стануваат. Значи, нашата идеа е да ја добиеме вашата подршка и чиста работа. Да не зборуваме до петок, вие да добиете поени. Господине министре, дали ќе се вратите утре и дали да говорам утре кога ќе дојдете вие или Лазаров ќе го прифати амандманот? Тогаш, да продолжиме утре затоа што ние сакаме со министерот да разговараме затоа што по неговите движења на телото почувствував дека уште малку треба да го убедиме. Уште малку ќе го убедевме. Да продолжиме утре.

**Бесим Догани:** Заменикот е тука.

Повелете, господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Господине заменик министер, на пола пат сме да го прифатите амандманот. Вие сте универзитетски професор, сте биле и од оваа страна и од другата страна. Бевте долго години со нас, со левицата, сега сте со десницата. Десницата никогаш не мислела добро на универзитетот, затоа што десницата по дефиниција не сака луѓе кои мислат со своја глава. Тоа е суштината на овој амандман, ништо друго. Вас ќе ви донесат кој е најнеспособниот на Машински факултет, тој ќе биде избран за декан, затоа што ќе го има ректорот. Лесно е да станеш владика, а Туневски ќе го истерата, најучениот од Машински факултет кој можеше да не справи со оваа енергетска криза. Но, нејсе. Значи, идеата е сите други колеги, кои не се само од опозицијата, да размислат што всушност сака предлагачот на овој закон со овој член кој по ниту еден основ не може да биде хармонизиран со европските искуства и со европското законодавство. Да се разбереме, ако мислевте во иднина требаше да кажете за во иднина, затоа што гледам како тргнала работава ќе градиме само цркви и ќе отвораме нови универзитети. Прашање на денот е кога ќе го возобновиме Св. Климентовиот универзитет во Охрид. Таму не знам кои се кадрите, а овде знам само една колешка која може да претендира, таа е од НСДП и таа ќе гласа за нашиот амандман. Верувам дека и другите ќе гласаат. За него може да кажете ако немате доволно кадри од конзервативна Македонија таму да разговараме. Меѓутоа, овој начин на кој се обидувате да не поведете нас сега овде пред свршен чин, дека наводно вие имате направено калкулација, дека шансите да биде човек надвор од Универзитетот Св. Кирил и Методиј биле 1:1400. Значи, сте пресметале дека има 1400 професори кои можат да бидат ректори и демек не може да го победи тој што вие ќе го донесете од надвор. Тоа не е точно. Јас ви тврдам дека, не сакам сега да правам поделби на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, но освен петте факултети кои работат рентабилно и кои се најатрактивни може со сите други да направите коалиција и да бидат против, но да им ветите дека условно речено за догодина, оние студенти што одат на правен, на економски, на филозовски, филолошки, на електро и на медицина нема да отиде таму, туку ќе дојдат на другите факултети кои реално кубурат со студентите. Дали е тоа заради нивната атрактивност, неатрактивност, заради кадарот, тоа е друго прашање. Но, на овој начин да направите уште еден упад во автономијата сметам дека сега е недопуштено. Ние се бориме за зацврстување на институциите, вие треба да ја јакнете автономијата на универзитетот со конкретни решенија. На овој начин убеден сум дека тоа не го правите, па ние за тоа ќе се бориме со демократски средства. И утре повторно ќе бараме поддршка, не само од овие што сум ги запишал овде што се од опозицијата, Митревва, Шеќеринска, Ивановски, Макрадули, Герамитчиоски, Јашари, Арифи, Секуловска, Јанеска, Оровчанец, Божиновска, ќе гласаме и ако треба Китановски ќе гласа, а треба да гласа Фадил Сулејмани, треба да гласа колегата Спасеновски, колегата Љубиша Георгиевски и Славица Грковска. Ние имаме коалиција од 18 колеги од Универзитетите кои треба да ја одбраниме автономијата на Универзитетот. Бараме, заменик минстре, од вас поддршка па не сте таму за да дојдете до овде и сега мене да ме гледате така со поглед на одобрување, туку да соберете храброст и да речете дека овој амандман го прифаќаме. Како минатиот пат почнавме да дискутираме за матичната комисија и ни требаше три дена да скршиме. Ние сме подготвени, сега ви сопштувам, затоа што сме доследни во правата на автономијата. До петок сме подготвени да го браниме овој амандман, затоа што бираме ние демократски средства. Ниту носиме транспаренти некогу да викаме дека треба да биде во феудална Македонија со умот, ниту бараме гасни комори, бараме само автономија. И за автономија, за идеали реално е левицата да бара поддршка и од вас кој сте левичар. Вие сте кадар на социјалистичката партија. Значи, очекувам да го поддржите овој амандман и да спречите да се делиме според тоа кој на кој универзитет студира. Тоа нас ни пречи, што почна лепењето на етикети. Битолскиот универзитет тој е на НСДП. Тетовскиот универзитет беше до вчера затоа што условно речено е создаден во времето на нашата коалиција божем на ДУИ, сега ќе биде на ДПА. Претходно беше и Штуловиот, затоа што е создаден во времето на Џафери, Георгиевски, божем на ДУИ, се знае дека новиот Универзитет сите се пофалија дека е ВМРО-ски, сега остана

да видиме што правиме со Скопскиот Универзитет. Дали тој ќе остане да биде и понатаму на професорите, асистентите на оние, како што говореа моите колешки кои знаат дека за да стигнеш до позицијата како вие, редовен професор не може тоа да се случи преку ноќ и да станеш веднаш ректор. Туку, пресметуваше Јанеска или Божиноска, девет години максимум помлад асистент, уште 6 години минимум ако работиш сериозно и 15 години веќе поминале, а си завршил на 25 години, си наполнил 40 години. Потоа, доцент уште 6 години, тоа се 46 години, па потоа вонреден професор и во длабока зрелост, не старост, може некој да биде ректор. Извинете, но на овој начин само продолжувате и понатаму да ги рушите темелите на кои треба да почива Европска Македонија. Не со кампањи на кои ќе исперете 400-тини, 500-тини или милион евра, со оние заспани фаци што ги гледаме на билбордите, сите сонуваат. Еве, отворете ги очите и не сонувајте, дајте да се избориме за авотномијата и прифатете го нашиот амандман. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитуван потпретседателе.

Очигледно како и во минатите денови, освен повремени реплики од страна на власта во Собранието, тука не ја сметам Владата која нема храброст да влезе во дебата со опозицијата и да ги одмери аргументите, секогаш во несотаток на аргументи може да се слушнат дофрлања во репликите кои, се разбира, се несериозни дека наводно се одолговлекува оваа дебата околу Законот за високо образование. Меѓутоа, за да знае јавноста зошто ние се бориме и што сакаме да постигнеме со што не се согласуваме во овој закон односно што предлагаме да се промени ќе го прочитам она што самата Влада како предлагачи на законот во првите два члена го напишала, а што не соодветствува со она што следува подолу во законот.

Во членот 1 вели дека “Предмет на уредување на овој закон е дека се уредува автономијата на Универзитетот и академската слобода. . . “ Значи, ова се темелни вредности и принципи на кои треба да се заснива високото образование. Значи, академска слобода и автономија на Универзитетот. Ова не случајно го кажувам на почетокот, затоа што се она што ќе критикуваме понатаму се коси токму со академската слобода и автономијата на универзитетот односно ние сме го предложиле овој амандман на членот 53 во врска со условите за поставување на ректор на универзитетот, на државните универзитети, бидејќи сметаме дека со таквите решенија Владата прави директен упад и партизација односно преку инсталации на свои партиски луѓе, директно ќе сака да врши политичко и партиско влијание врз работата на универзитетот и политиката во образованието.

Понатаму, членот 2 кој е насловен како поимник на овој закон и каде што се дефинирани одредени изрази кои се употребуваат во овој закон, во точка 1, вели дека Автонимија на Универзитет, појаснува што е автономија на Универзитет од претходниот член, вели дека опфаќа академска слобода односно самостојно одлучување и управување и внимавајте, неповредливост на универзитетот.

Јас ја прашувам Владата и ВМРО ДПМНЕ што од овие работи од членот 1 и од членот 2 од поимникот од овие дефиниции, од овие начела кои декларативно Владата ги напишала во Законот што од ова е точно односно што од ова Владата применила во конкретните решенија од кои зависи реално слободата и автономијата на Универзитетот. Имено, не само што Владата напишала во член 53 во последната алинеја, мислејќи дека некој нема да го чита членот до крај, дека покрај другите услови ректорот не мора да биде од редот на вработените во Универзитетот. Што значи тоа? Дека ректорот не мора да биде ниту професор, ниту академски односно да нема академска титула. Исто така, Владата објави срамежливо, меѓутоа, мора сериозно тоа да се свати дека има намера да остави простор доколку така и одговара за некоја идна ситуација да постави ректор странец на Државен универзитет. Тогаш, се губи самата смисла и име дека тоа е државен универзитет. Тој можеби ќе биде универзитет на некоја друга држава, затоа што со благослов на Владата ќе ни го управува странец. Како што Владата направи обид и зема обвинител странец, како што Македонската национална радио телевизија, значи националниот радиодифузен сервис таму постави директор странец, потоа експресно под сомнителни околности му додели македонско државјанство, што значи дека со еден потег направи два преседана или прекршување на законите, не знам. Дали оваа Влада нема доверба во самата себе, нема доволно квалитетни кадри или мора вакви решенија да ја пере одговорноста од себе односно да се огради од некои лоши состојби кои не е способна да ги подобри односно да ги менаџира. Исто така, имаше обид и во здравството, во јавните здравствени установи, поточно во Фондот за здравство да се вметне вакво решение итн., со директори странци. Меѓтуоа, не знам зошто ако премиерот и Владата опстојуваат на таквите принципи, на таквите предлози, јас неколку пати сум го поставил тоа прашање овде во Собранието по повод вакви слични дебати, зошто премиерот не се согласи да го отстапи своето место и својата вотелја на некој странец, па оваа Влада да ја води странец белки ќе и тргне на Република Македонија. Меѓутоа, очигледно премиерот сака привилегиите, моќта, позициите и можноста да прави вакви решенија и злоупотреби преку вакви решенија во законите да си ги зачува само за себе, а се друго да си постави на начин што ќе може да го управува политички да го манипулира и да маневрира за да си ја спроведува својата лична и партиска политика и

своите лични и партиски и пошироките интереси на фамилијата на ВМРО ДПМНЕ  во политичка смисла на зборот.

Понатаму, ако го погледнете пошироко, не само членот 53, ако ги погледнете на пример преодните и завршни одредби на овој закон или на пример членот 67 став 1, кој говори за Одборот за акредитација, каде што пишува дека ова тело во Универзитетот е самостојно тело.

Повторно ќе видите во решенијата во законот дека нема ништо од таквата самостојност, туку напротив дека провејува тенденцијата за едно смислено сценарио, за смислени одредби кои заедно со членот 53, почнувајќи од врвот на Универзитетот, од ректорот, па и натаму низ органите кои имаат одредени овластувања и функции како што е Одборот за акредитација и Комисијата за евалуација, ќе забележите дека Владата предвидува одредби со кои во рок од три месеци во стапувањето во сила на овој закон, сака да го смени целокупниот состав на членовите на овие органи и тела на Универзитетот. Или, од една страна во еден став од еден исти член, пишува дека тие тела се самостојни и дека се израз на академската слобода, од друга страна Владата пропишала одредби каде таа ги бира професорите кои членуваат во овие тела. Изниете господо од Владата, ако Универзитетот се нарекува државен, не значи дека тоа е Универзитет на Владата. На пример, Универзитетот Св.Кирил и Методиј како универзитет, не е Судски совет на Република Македонија, па Михајло Маневски и Никола Груевски да прават што сакаат, да си ставаат ВМРО-вски кадри, или не е некоја друга владина институција која можат да си ја управуват по свое, не е Антикорупскиска комисија Универзитетот, па исто како во Антикорупцската комисија на ВМРО-ДПМНЕ да не и требаат професионалци, а зошто не им требаат, за да може полесно да манипулира и Владата да го спроведува своето самоволие односно никој од институциите во Република Македонија, согласно Уставот и законите, да не може да се попречи на патот на автолитарноста на владеењето на оваа Влада. Затоа на ВМРО-ДПМНЕ, како и во другите институции, Обвинителството кое го партизираа, судството го партизираа, Министерството за внатрешни работи го партизираа, Антикорупциската комисија е во служба на Владата, Судскиот совет бира партиски судии.

Некој овде во минатите денови, по повод оваа точка од дневниот ред, од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ рече дека Владата не го бира ректорот. Ако мислите дека е така, а не е така, како тогаш ќе објасните дека Владата ги бира, на пример судиите. Имате еден куп, намерно правам дигресија потпретседателе, бидејќи ова се однесува на општествениот феномен на партизација на ВМРО-ДПМНЕ, на сите институции кои имаат уставни и законски овластувања, меѓутоа за жал, работат по налог и директива на премиерот лично и на блиски нему и на политичката фамилија на ВМРО-ДПМНЕ. Земете го за пример Управниот суд, земете ги за пример последните избори на судии со кои СДСМ излезе во јавноста. Не се тоа братучеди, тетки, стрини, вујковци, сопруги, браќа и сестри на пратеници или на членови на СДСМ. Тоа се луѓе блиски на директни носители на извршната власт, блиски до ВМРО-ДПМНЕ. Истиот терк се применува и во Универзитетот. Значи, наместо Владата да применува образовни политики во високото образование конкретно, Владата применува политички мерки во образованието. Владата повеќе е заинтересирана за свои кадровски прашања отколку за подобрување на образованието на студентите. Владата не инвестира генерално во самостојни, независни, професионални институции, согласно нивните ингеренции кои ќе си ја работат својата работа и со тоа ќе придонесуваат за државниот интерес на Република Македонија, туку напротив инсталираа кадри кои ќе го промовираат партискиот интерес на владеачкатата гарнитура. Затоа ги кажував овие примери. Не можеме ние со ваква политика на Владата односно на ваков начин декларативно независни, меѓутоа со решението во Законот Владата ќе си остава простор да манипулира и да ги управува, од не формални центри на моќ, институциите. Посебно тоа е осетливо или важно, ние во дневната политика ќе се препукуваме и за Обвинителството и за Антикорупциската комисија и за Министерството за внатрешни работи, меѓутоа, посебно е осетлив и важен процесот на образованието затоа што таму излегуваат кадрите кои во  иднина ќе одлучуваат ќе ја заменат и оваа Влада и овие пратеници и сите нас и ќе одлучуваат и ќе ги решаваат проблемите на оваа држава. Владата дава лош пример со ваките решенија. Значи, Владата и Никола Груевски не можат да сфатат дека во секое општество и во секоја сериозна и одговорна држава мора да постојат, мора да се негуваат и мора секоја партија да дава придонес, колку и да сака на еден или на друг начин да има одредено влијание, за што можеме да се обвинуваме овде и да говориме за конкретни примери и од минатото и од сегашното, меѓутоа на тој начин не се чуваат и не се градат, Владата не прави долгорочна инвестиција во институциите, конкретно во образованието. Тоа на Владата еден ден ќе и се врати како бумеранг, затоа што не зависно од тоа кој е на власт, а кој на опозиција, мора да има одредена константа, одредени принципи и одредена црвена линија која не смее ни една власт, ни една политичка гарнитура да ја пречекори. Тоа е одговор на Влада, тоа е Влада која мисли на иднината и на државниот интерес. Посебно тука ја нагласувам иднината, бидејќи Владата со своите реклами мисли на иднината, иднината ја персонифицира преку образованието и младите кадри кои треба да ја превземат одговорноста во различни сфери во оваа држава, утре. Настрана од тоа, Владата ни отвора дополнителен проблем со кој сите нас не става,  без разлика што сме опозиција, ние се однесуваме одговорно и затоа говориме и

дебатираме на ваков начин. Ние ја претставуваме државата.

Владата прво го злоупотребува ова европско знаменце на насловната страница на Законот за високо образование. Зошто? Затоа што исполнувајќи ги домашните задачи, инаку џабе не го става европското знаменце. Будно сме следени сите заедно, не само Владата, како ги донесуваме законите, не само формално како квантите, како бројка Владата да излегува и да се фали дека поминал овој закон или поминал оној закон. Значи едно е донесувањето, друго е содржинат на законите, трето е нивната практична имплементација. Не само што Владата го злоупотребува ова знаменце, европско, туку под превезот на лажен патриотизам дека работи на исполнување на задачите за приближување кон Европската унија, а не работи затоа што досега никој од нас не слушнал за 18 или 20 месеци, колку е на власт ВМРО-ДПМНЕ, да побара датум за почеток на преговорите за Европската унија, ако навистина е толку ревносна оваа Влада во исполнувањето на своите домашни задачи кон приближувањето кон Европската унија, или сега Европската унија не е актуелна затоа што, ако не дај боже се приближи, велам за жал, така размислува оваа Влада, се приближи чекор поблиску до Европската унија или до датумот за почеток на преговорите, Владата се плаши од сопствениот успех или успехот на сопствената држава.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко ќе ве молам да се вратите на амандманот.

**Борис Кондарко:** Еве, сега ќе ви објаснам потпретседателе, зошто говорам за амандманот.

**Бесим Догани:** Не говорите, но почнете да говорите, ве молам.

**Борис Кондарко:** Ќе продолжам каде што застанав, затоа што ако навистина овој закон за високо образование е европски, тогаш Владата нема да има толкав маневарски простор да прави што сака, да остава решенија како во членот 53, за кој сме го поднеле овој амандман, еве сега ви објаснувам и да кажува дека ректорот може да биде било кој, вклучително на пример, по оваа аналогија на текстот на законот и некој независен новинар од некоја независна телевизија, на пример телевизија Сител, па и тој да си има исто како и неговиот пријател 12 купатила на пример, во неговата куќа. Затоа, почитуван потпретседателе, јас говорам за амандманот, затоа што велам Владата се плаши од успехот и од напредокот на сопствената држава, затоа што колку сме поблиску до Европската унија, изгледа на Владата тоа не и одговара, затоа што Владата сака да владее за рејтингот на неа лично и за рејтингот на премиерот лично, а не за државниот интерес. Владата води дневна политика, не води долгорочна и одговорна државна политика, со партизација на пример на образованието. Владата не може утре, затоа што правилата на Европската унија се строги, конкретни и децидни, доколку преземе обврска повеќе во иднина да предлага вакви решенија во законите каде што врши упад во самостојноста на факултетот и негова партизација, затоа што ќе биде строго контролирана од институциите на Европската унија. Значи, се плаши од редот и од спроведувањето на законот, оваа Влада. Тоа е тоа што не чини. Ние тоа сакаме да го исправаме.

Пред малку кога говорев за судството, за Обвинителството, за Министерството за внатрешни работи, за Антикорупциската комисија, кога говорев за политичката фамилија, заборавив да го спомнам здравството.

**Бесим Догани:** Го спомнавте во петокот, господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам што сте забележале, очигледно ги слушате внимателно што говорат пратениците и тоа ви го сметам како плус.

Примерот зо партизацијата на здравството, оваа Влада откако го растури клиничкиот центар сега ја растура и Воената болница. Значи, секаде своите пипци, своите прсти и својот интерес политички и финансиски се разбира, го замеша оваа Влада и премиерот Никола Груевски. Исто така, потпретседателе, во четвртокот ги спомнав, ако добро се сеќавате и временските прогнози. Реков до таму со партизацијата оваа Влада, дури еден ден ќе очекуваме, како што премиерот оди по аптеките што не му е работа да контролира не знам што, цените на лековите кои поскапеа место да поефтинат, да ги партизира и меторолошките прогнози, заедно со владиниот портпарол. Меѓутоа, во четвртокот не реков една работа дека, наместо, на пример, Ведрана и Милена, можеме да ги гледаме Ивица Боцевски и Никола Груевски како ни ги презентираат временските прогнози.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко уште еднаш ќе ве опоменам да се вратите на текстот на амандманот.

**Борис Кондарко:** Исто така, потпретседателе, ние сме многу загрижени, бидејќи, како што тргнала работата на пратизации и ВМРО-зација на институциите, на објектите, на сите разно разни институции каде што ќе успее ВМРО-ДПМНЕ да најде начин тоа да го направи, исто по примерот на Универзитетот, еден ден да го смени името, како што предлага и црквата на плоштадот, по предлог на премиерот да се вика Св. Никола, се плашам еден ден да не го смени името, од Св. Кирил и Методиј и, во Св. Никола. Тоа ќе биде крај на упадите во Универзитетот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

**Борис Кондарко:** За што ми заблагодарувате?

**Бесим Догани:** Трета дигресија, како вие сакате да ја наречете процедурата, но навистина сметам дека претеравте.

**Борис Кондарко:** Дали тоа значи дека ми го одземате зборот.

**Бесим Догани:** Да, и му дава збор на господинот Ѓорѓи Оровчанец.

Се извинувам има реплика госпоѓа Весна Јаневска.

Јас господине Кондарко ќе ве очекувам во понеделник да се пријавите пак за овој амандман.

Повелете госпоѓо Јанвевска имате реплика.

**Весна Јаневска:** Благодарам.

Господине потпретседателе,

Јас ќе си дозволам, господине Кондарко во стилот на господинот Ружди Матоши. Па СДСМ било на колена штом ВМРО толку многу ги пуштило своите пипци насекаде.

Со голем дел во вашиот говор се согласувам, ова беше мала шега, но сепак сметам дека работа на опозицијата е, доколку навистина вака мислите, да не дозволите тоа да се случува, а ако веќе сте го дозволиле тогаш имаме сериозен проблем во држават.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Повелете господине Кондарко имате контра реплика.

**Борис Кондарко:** Прво, колешке Јаневска, благодарам за подршката ако искрено мислевте. Меѓутоа не е доволно само декларативно овде да се согласите, бидејќи се губи смислата на репликата. Ако реплицирате треба да полемизираме и да кажеме во што не се согласувате. Ако веќе се согласувате, тогаш во вашите настапи треба јавно да ја искритикувате оваа Влада затоа што ние освен оваа парламентарна говорница, за која потпретседателот сега ми одзема збор, немаме друго место и немаме друг демократски начин јавно да ги кажеме нашите несогласувања. Така една опозиција легитимно се бори. Затоа е Парламентот. Ако навистина ме подржувате, очекувам активен придонес, а не во вашите дискусии повеќе да ја подржувате Владата. Бидете принципиелна и доследна за оние работи за кои јас исто така високо ве ценам и ги почитувам некои ваши ставови. Меѓутоа, ќе мора еднаш да се одлучите дали ќе застанете на стана на опозицијата или на страна на Владата.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Кондарко.

Збор има господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, колку и да има сепак нешто ќе се чуе, господине заменик министер.

Денови веќе разговараме за овој член од законот односно членот 53 и тука има многу амандмани, сега сме на амандманот 45, меѓутоа и понатаму има амандмани токму за ова прашање кое го третира решението за избор на ректор при државните универзитети во Република Македонија. Значи, кога зборуваме за државните универзитети, не зборуваме за еден Универзитет, односно Универзитетот Св.Кирил и Методиј.

Предложеното решение, за да биде јасно затоа што мислам дека сите зборувавме меѓутоа никој не кажа за каков член се работи односно за каков став во членот 53. Јас буквално ќе го прочитам: “Ректорот не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот”. Сега на оваа дигресија се нафрлува односно треба да стои она што е реалната автономија, а тоа е: “начинот на изборот и разрешување на ректорот се уредува со статутот на Универзитетот”.

Со еден збор, колега заменик министер, зборувам колега затоа што и јас сум универзитетски професор и вие сте универзитетски професор, ако зборуваме за автономија, автономијата треба да го регулира принципот и начинот на кој се избира ректор на универзитет. Значи, ова се не важи, начинот на избор и разрешување на изборот со статутот, затоа што ректорот не мора да биде избран од редот на вработените на Универзитетот.

Сега се соочуваме со многу дилеми, со многу размислувања. Имаше доста жестоки дискусии, професорката пратеничка Мирјана Секуловска овде разговараше или полимизираше со пратениците како да се наоѓа на наставнички совет, а не во Парламент. Ги бранеше во теоретска смисла одлично, меѓутоа во теоретска смисла би требало Република Македонија да има развиена демократија на ниво на Норвешка или Шветска за да имаме една таква имплементација на еден ваков закон.

Кои се практично опасностите кои стојат поради еден ваков член на Законот.

Ако ги гледаме во целост сите елементи од овој закон, каде што се направи упад, затоа што за 92-та седница имавме одличен закон господине министер. Сега имаме никаков закон затоа што се направи упад кој што сака да направи, дали е тоа партизација, како што сака да каже пратеникот Кондарко, или пак се работи за нешто друго или трето. Јас мислам дека се прави упад за влегување во Универзитетот во политички дилетизам, а не на одредена партиска припадност, затоа што голем број професори и од ВМРО-ДПМНЕ, која е сега на власт не се согласуваат со ова решение. Значи не е нивно мислење, ниту нивни став, ниту принцип на размислувања затоа што повеќето од нив својата кариера успеале да ја изградат врз база на својот авторитет, својот труд, работа, рецензиите и се она што следи за да стигнете до ситуација да бидете редовен професор и кандидат за ректор. Затоа што сега можно е на овој начин да се донесе директор кој што е редовен професор, а нема завршено било каков факултет. Такви професори има во Република Македонија 20 и нешто и вие ги знаете, затоа Што добар дел од нви имаат купено дипломи кој во Вуковар, кој во Бугарија и не знам каде и т.н. Затоа што принципот на Одборот за акредитација каде се наметнува и претседателот од Владата, а каде што критериумите се неверојатнопаднати, како да станува збор за акредитација на осмолетка или средно образование, а не за високообразовни институции. Имате луѓе кои што се предавачи произведени во процесот. И вие имате еден дисбаланс во критериумите на она

што реално е и мора или треба да биде редовен професор на Универзитет. Било каде во Република Македонија и она што навистина ни се случува.

Принципот на Одборот за акредитација со овој избор на ректор носи со себе голема опасност да внесеме принцип на хиерархија во една образовна институција по принципот на Јавно обвинителство. Тогаш е веќе погубно за образованието, затоа што нема да внесете слободен дупјум, нема да внесете критериум за избор, критериуми за напредување и нема да направите нешто со што она што континуирано се гради, еволуира и што е природно, производството на кадри станува се поконкурентно, филтрите појаки, а оние што испливуваат да бидат реално една висока категорија на интелектуалци и педагози кои што треба да го водат образованието. Сега се доведуваме во ситуација по тој принцип на хиерархија врз база на овој амандман, дури имате ситуација да имате политички негодувања.

Кога зборуваше министерот, не бевте вие тука присутен господин заменик, министерот овде рече дека може и тој да биде ректор на Универзитетот “Кирил и Методиј” и јас немам ништо против, меѓутоа против имам во ситуација изборот на ректор да дојде во Владата како принцип на пазарење за одредени места. Конкретно сега е на власт ДПА и ВМРО-ДПМНЕ, вас ве откачи, Социјалистичка партија и се пазарат, ДПА сака да има свој ректор таму и на крај овие ќе се согласат преку системот на акредитација, а фала Богу и сенаторите се луѓе од крв и месо,некој ќе купите за 5 евра, некој за 5 иљади и ќе го изгласаат тој ректор и на крај ќе спроведете принцип на Јавно обвинитеслтво и инквизиција во високообразовна установа каде што треба да се развива нешто друго. Од целата кампања која што оваа Влада, која во почеток ја сметав за исправна кампања дека образованието е моќ, наеднаш се доведуваме во прашање, јас лично се прашувам со ваков закон како што излегува Владата дека практично кампањата на Владата е нешто друго и треба да ја промени темата и да се вика не “образованието е моќ”, туку “моќ на образованието”. Од таа реклама им досадивте и со образованието на луѓето па почнаа да протестираат и произведувачите на паста за заби затоа што не можат да дојдат до темни за своите реклами, за своите производи, за да на крај да дојдете во ситуација да нудите решение кое што едноставно не држи.

Јас сметам дека ова повеќе е прашање на политички иритизам, или издвоени политички групи отколку реално став на една партија која што би се преставувала себе за озбилна. Таков политички иритизам може да направи многу деструкции. По мене она што сега негативно се случува во општеството е функционирањето на политичкиот дилетизам во владеењето, во политичкото владеење во Република Македонија наместо владеење на партиските програми. Заборавивме сите што се 100 чекори и што е се ова. Гледаме дека сосема во друг рпавец и смер оди функционирањето на државата, меѓутоа образованието треба да го исклучиме од тие токови и да го дадеме да го водат оние луѓе кои што својот живот и својата кариера го посветиле на образованието и кои што во најмала рака најдобро можат да ги согледаат и проблемите и сите други елементи во образовниот процес за да образованието се подигне на повисока висина и совој квалитет. Ние континуирано господине заменик министер имаме опаѓање на квалитетот на образованието во Република Македонија.

Ако ова опаѓање на квалитетот продолжи нашите високо стручни кадри ќе бидат инсуфициенти, ќе бидат хендикепирани кадри по однос на она што се високо образовани кадри во Европската унија. Ние ќе бидеме реални инсуфициенти. Затоа ве замолувам, затоа што има и уште повеќе амандмани тука, да ја покажете како Влада вашата доблест ако Универзитетот смета дека може и човек однадвор да биде ректор на тој Унивезитет па дајте му автономија на Универзитетот во својот статут нека го реши тоа прашање. Не гледам причина, можеби така ќе реши, меѓутоа не да им наметнувате со закон, затоа што носите импликации кои што импликации можат да имаат лоши последици. Затоа што имаме еден феномен на титулизирање кај нас кој што е лажен феномен, некои спомнуваа, некои зборуваа од предавачи да станат професори, па да имате научни работници кои што никогаш не биле избрани, или еднаш биле избрани па сега во законот ги внесувате како елементи кои треба да влезат во конкуренцијата за ректор, па потоа имате академици прогласени или самопрогласени, само не знам каде, во Академија на науки на уметности не знам дека е Жан Митрев конкретно академик, можеби во студио Леонтиќ, односно академија Леонтиќ, меѓутоа факт е дек аи на господинот Жан Митрев, тука е сведок госпоѓа Весна Јаневска професорката, моја колешка каде што на Медицинскиот факултет му се нудеше и му се угодуваше да го пријави и да го брани својот докторат, меѓутоа тој не се осуди да работи научно, едноставно човекот сами се се прогласи за академик. Сето ова доведува до сомнение дека на овој начин со наметнато решение за ректор ние дефинитивно ќе имаме проблем.

Значи, зборуваме за една група на амандмани, групата на амандмани продолжува и понатаму во дел и бришење на зборот “не” во дел е бришење на првата реченица. Суштината на сите амандмани е иста. Преведена накратко е “дајте ја автономијата на Универзитетот” таму каде што припаѓа. Не наметнувајте свои решенија таму каде штоне треба. Мислам дека на тој начин ќе можете да се исправите и да кажете дека ќе понудите добро законско решение.

Се надевам дека ако сега го одбиете овој предлог следнио тамандман повторно се работи за ова, па селедниот повторно се работи, додека не стигнеме до последниот амандман од оваа

група на амандмани која регулира исто прашање во кое се надевам ќе сватите дека е реална потреба автономијата на Универзитетот да биде прв и основен предуслов за функционирањето на високото образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Оровчанец.

Бидејки има уште 10 минути може госпоѓа Митрева ...? (Не, немам доволно време).

Не, ќе продолжите утре после овие 10 минути, сега јас морам да го почитувам работното време, да работатм до 18, 00 часот.

Госпоѓа Митрева бидејќи толку многу одбивате да говорите, останете пријавена ќе продолжиме утре со вас.

Тука ја прекинувам денешната седница.

Утре продолжуваме со истата, 98 седница во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот)